Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20. 01. 2015 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 475 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН РЕДОВЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Редовниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14)** како и во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесена од страна на Агенцијата, е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Радовиш, **Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Радовиш** на ден 16.01.2015 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Кординативното тело при Влада на Република Македонија, Агенцијата за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Редовниот програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот редовен програмски надзор врз операторот **Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Радовиш**, на ден 16.01.2015 година констатирано е дека овој оператор, на подрачјето на Радовиш, во рамките на дигиталниот пакет реемитува вкупно 98 програмски сервиси кои се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не се констатирани прекршувања.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**